Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Управа за извршување на санкциите
Бр. 04-18/11
20.01.2020 година
Скопје

Врз основа на член 52 став(1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) Директорот на Управата за извршување на санкциите донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по интерен оглас број 01/2019 за унапредување на административен службеник

1. **ВАЛЕНТИНА ТОДОРОВСКА-ДИМЕСКА се избира** од предложената ранг листа на кандидати по Интерниот оглас за унапредување на административен службеник во Управата за извршување на санкциите број 01/2019 за работно советник за безбедност и третман на осудени и малолетни лица во КПУиВПУ, во Одделение за безбедност и третман на осудени и малолетни лица во КПУиВПУ-Сектор за безбедност,третман и обука на кадри во КПУиВПУ , со звање советник, шифра на работно место УПР 01 01 В01 000
2. Со именуваната ќе се заснова работен однос по конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-7010/2 од 22.08.2019година, на ден 30.12.2019година на веб страницата на Министерството за правда-Управа за извршување на санкциите и на Агенцијата за администрација објавен е Интерен оглас број 01/2019година за унапредување на еден административен службеник во Управата за извршување на санкциите на за работно место советник за безбедност и третман на осудени и малолетни лица во КПУиВПУ, во Одделение за безбедност и третман на осудени и малолетни лица во КПУиВПУ-Сектор за безбедност,третман и обука на кадри во КПУиВПУ

Со Решение број 04-18/4 од 13.01.2020година,формирана е Комисија за унапредување на административен службеник

На Интерниот оглас за горенаведеното работно место се пријави еден кандидат.Комисијата спроведе постапка за административната селекција и по одржано интервју со единствениот кандидаат чија пријава беше комлетна и кој ги исполнува условите утврдени во Законот за административни службеници и пропишанаи во Правилник за систематизација на работни места во Управата за извршување на санкциите.

Врз основа на добиените бодови од спроведената административна селекција и од одржаното интервју,изготвена е Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на предложената ранг листа,а со оглед дека целата постапка се спроведе со единствениот кандидат, директорот за работното место советник за безбедност и третман на осудени и малолетни лица во КПУиВПУ, во Одделение за безбедност и третман на осудени и малолетни лица во КПУиВПУ-Сектор за безбедност,третман и обука на кадри во КПУиВПУ,го избра кандидатот Валентина Тодоровска-Димеска.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА :**

Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена од деноот на објавувањето да изјави жалба до Агенцијата за администрација.

ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА
ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ
Јовица Стојановиќ

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-Управа за извршување на санкциите
MINISTRIA E DREJTËSISË-Drejtoria për ekzekutimin e sanksioneve
Скопје-Shkup

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваната
- Одделение за општи и управни работи
-Архива